РСЕ Јазични интернет страници ▼ ТОП ТЕМИ: БОМБА 13 - ПЛАЦОВИ НА ВОДНО | ЗАСТРАШУВАЊА СО ДЕСТАБИЛИЗАЦИЈА | ЧИИ ИНТЕРЕСИ ШТИТИ СОНК?

Радио Слободна Европа
слободнаевропа.мк

Мобил | Логирај се | Пријавете се

Почетна | Вести | Македонија | Глобал | Интервју | Мултимедиа | Следете не

среда, март 25, 2015 Скопје 15:05

Мултимедиа | Аудио понуда

Во живо:
Емисија во 15 часот.

Следна емисија:
19:00 - 19:15 Вечерна емисија во 19 часот.
22:00 - 22:15 Слободна Европа во 22
06:45 - 07:00 четврток Утринска програма

Слушај | Распоред
Како да слушате | Подкаст
Радио Програма | Аудио помош

Македонија

# Нераскажаните ликовни приказни на суперхероите 2 во КИЦ

„Нераскажаните приказни на суперхероините 2“ е насловена групната изложба што од 6 до 13 март ќе се обистини во Културно-информативниот центар во Скопје. Ќе бидат претставени 20 ликовни стории на исто толку македонски уметници кои се однесуваат на критични теми поврзани со правата на жените, две децении по Четвртата конференција на ОН за правата на жените, одржана во Пекинг 1995 година.

Печати | Оставете коментар | Размена:




Courtesy Photo

Љупчо Јолевски
05.03.2015

Tweet 0
Ми се допаѓа | Сподели 80
g+1 0
Pin it

Дијана Богдановска, Кристина Божурска, Инес Ефремова, Алма Идризи, Петра Јовановска, Маја Кировска, Ирена Паскали, Дијана Томиќ Радевска, Вана Урошевиќ...се само некои од 20-те македонски уметници чии дела ќе се најдат на групната изложба „Нераскажаните приказни на суперхероините 2“ што од 6 до 13 март ќе се одржи во салонот „Империјал 1“ на Културно-информативниот центар во Скопје.

Организатори на оваа постановка се Град Скопје, Канцеларијата на жените на ОН во Република Македонија, Универзитетот за аудио-визуелни уметности – ЕСРА и Институтот за родови студии при Универзитетот „Кирил и Методиј“, а куратор е уметницата Маријета Сидовски.

Таа појаснува дека идејата за изложбата е преку сопствениот ликовен јазик да проговорат за она што ги засега во врска со борбата за права на жената. Истакнува дека на овој начин и нашава земја се приклучува на светското одбележување на

## Текстови на слична тема

- Трета меѓународна балканска изложба „Мост“
- Боро Рудиќ со „Настанување – исчезнување“ во Музеј на Град Скопје
- Верица Стојановиќ со проектот „Јас сум слободна“ во галерија Ко-Ра
- Етнолозите - последни чувари на традицијата
- „Фото салон Куманово“ – празник за уметничката фотографија

## Најнови вести


Карстен Спор: Екипажот на Ербасот не испратил сигнал за помош
Повеќе


Киргистан спречи Таџикистанци да се приклучат на ИД
Повеќе


Двајца украински функционери уапсени на владина седница
Повеќе


Путин го отпушти гувернерот на областа Сахалин
Повеќе


Оштетена е црната кутија на авионот на Германвингс
Повеќе

Најпосетени

1. Бомба 13 - Плацови на Водно и уривањето на Космос (7123)
2. Власта навлече панцир против опозициските „бомби“ (5606)
3. Приказната на власта не проаѓа кај страниците (5204)
4. Ќе донесе ли кризата прегрупирања на политичката сцена? (4225)
5. „Бомба“ 11 на СДСМ: Струмица рак-рана на Груевски (3618)

Најгледани

Најкоментирани

## Избор на уредникот

Македонија
ЕУ го замрзнува дијалогот со

> Ако не се обидеме на начинот на кој ние најдобро знаеме да говориме, а тоа е со ликовниот јазик да кажеме нешто, тогаш и не може да очекуваме некоја промена.
>
> *Маријета Сидовски, куратор.*




Христина Зафировска.

> За судирот меѓу насетената сексуална слобода и ограниченоста, менталитетот и традицијата на една закоравена патријархална средина. Овие дела, воедно, говорат за женската сексуалност, сензуалност, фрагилност...
>
> *Шќипе Мехмети, сликарка.*



двете децении од Четвртата конференција на ОН за правата на жените, одржана во Пекинг 1995 година, на која по толку многу години беа изгласани еден низ закони за подобрување на статусот на жената во општеството.

„Ако не се обидеме на начинот на кој ние најдобро знаеме да говориме, а тоа е со ликовниот јазик да кажеме нешто, тогаш и не може да очекуваме некоја промена. Секогаш е добро да испратите една порака и таа да оди во етерот. Можеби нема моето дело или мојата порака да стигнат онаму каде што сакам јас, но сигурно една од тие дваесет кои ги праќаме на овој начин ќе стигнат до оние на кои им се наменети и ќе ги раздвижи работите од мртва точка. Ќе помести нешто“, вели Сидовски.

Таа дополнува дека ова се можеби ситни, минимални напори и чекори, но нагласува дека и тоа како се значајни и потребни оти без нив тие и не би можеле да очекуваат дека нешто може воопшто и да се смени во општеството.

Шќипе Мехмети, пак, знае да каже дека на оваа групна изложба ќе го претстави триптихот „Вечност“, графика работена со сува игла и акварелни боички создадена на крајот на минатата година.

„Станува збор за дело од мојот нов циклус на кој работам подолго време и со кој се обидувам преку јазикот и можностите на графиката да проговорам отворено за проблемот на потиснатата еротика и притаениот еротски полнеж на жената од овие наши балкански простори. За судирот меѓу насетената сексуална слобода и ограниченоста, менталитетот и традицијата на една закоравена патријархална средина. Овие дела, воедно, говорат за женската сексуалност, сензуалност, фрагилност... “

Од друга страна, Христина Зафировска за „Нераскажаните приказни на суперхероините 2“ одбра една од сликите од нејзината самостојна изложба одржана во ноември минатата година во КИЦ насловена како „Wo-man“ и на која имаше дела кои гласно говореа дека жената не е само тело, кукла, полов орган и најмалку порнографија.

„Овојпат ќе биде претставено само делото кое става акцент на тоа дека жената не треба да се третира само како објект за репродукција. Мислам дека целиот тој процес во однос на правата на жената кај нас се уште оди споро. Барем таква е мојата проценка. Проценка на триесетгодишна жена која своето искуство го компарира со она на нејзината баба, мајка ...Како некогаш, а како денес се одвиваат тие процеси. Сметам дека за сето она за што се бори жената таа постепено си ги добива своите права, но не го исклучувам моментот дека живееме во такво поднебје каде ќе ни биде потребно многу време за да се искоренат некои предрасуди и застарени сфаќања.“



Љупчо Јолевски

Печати Оставете коментар Размена:




**Македонија**

Брисел праќа сигнали дека отчукува часовникот за препораката.

Повеќе



Македонија

**Не е време за измена на законот за лични карти**

Во целиот политички амбиент треба да бидеме внимателно со законите...

Повеќе



Македонија

**Барокната преродба продолжува**

Власта ќе троши за огради во ковано железо околу Влада, барокни...

Повеќе



Македонија

**Буџаковски - Економски и безбедносни последици од мигрантите**

Зголемениот број на илегалци кои поминуваат низ Македонија ќе има...

Повеќе

## Радио програма

Во живо:

Емисија во 15 часот.

Следна емисија:

19:00 - 19:15 Вечерна емисија во 19 часот.

22:00 - 22:15 Слободна Европа во 22

06:45 - 07:00 Утринска програма
четврток




Утринска програма

15 min

Ваше Радио

Распоред на емитување Подкаст